# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 11 | Вторник , 17 јули 2007 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk


**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица:**

Стр.


**86.** **Одлука** за пристапување кон изменување и дополнување на Статутот на општина Струмица ........... 2
**87.** **Одлука** за формирање на Штаб за заштита и спасување на Општина Струмица ................................................ 2
**88.** Одлука за означување условите и утврдување на режимот на сообраќај во градот Струмица ............................. 4
**89.** **Одлука** за означување условите и утврдување режимот на сообраќај на товарни моторни возила (ТМВ), трактори и запрежни возила во градот Струмица................................................ 5
**90.** **Одлука** за преземање на управувањето со водоводниот систем во Банско - Општина Струмица ................................ 7
**91.** **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување цената потрошена вода по $м^3$ од водоводниот систем во Банско-Општина Струмица … 8
**92.** **Одлука** за пренесување на правото на управување и користење на “Детски град” Струмица...................................... 8
**93.** **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување цена на влезницата во “Детски град” во градскиот парк Струмица ...................... 9
**94.** **Одлука** за одобрување парични средства на ЈЗУ Општа болница Струмица за набавка на ЕХО-апарат (мамограф за рано откривање на рак на дојка)........................................................ 10
**95.** **Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистичките планови на подрачјето на Општина Струмица за 2007 година ... 10
**96.** **Листа** на информации од јавен карактер во Општина Струмица............................ 11


---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за пристапување кон изменување и дополнување на Статутот на општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за пристапување кон изменување и дополнување на Статутот на општина Струмица, донесена на седница на Советот на општина Струмица, одржана на 13.07.2007 год.

Бр. 07-3303/2
13.07.2007 год.
С т р у м и ц а,

Општина Струмица
Градоначалник,
Зоран Заев с.р.

**86.**

Врз основа на член 136 од Статутот на Општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Советот на Општина Струмица на седницата одржана на 13.07.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за пристапување кон изменување и дополнување на Статутот на општина Струмица**

1. Се пристапува кон изменување и дополнување на Статутот на општина Струмица.

2. Изменувањето и дополнувањето на Статутот на општина Струмица се однесуваат на член 123 став 2 и член 134 став 2 алинеа 2.

3. Комисијата за статут и прописи на наредната седница на Советот на општината да му предложи Одлука за изменување и дополнување на Статутот.

4. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-3303/1 Совет на општина Струмица
13.07.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а, Зоран Ристов

..............................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлука за формирање на Штаб за заштита и спасување на Општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување на Општина Струмица, донесена на седница на Советот на општина Струмица, одржана на 13.07.2007 година.

Бр. 07-3305/2 Општина Струмица
13.07.2007 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а, Зоран Заев с.р.

........................

**87.**

Врз основа член 94 став 4 од Законот за заштита и спасување ("Сл. весник на РМ" бр. 36/04) и член 20 од Статутот на Општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Советот на Општина Струмица на седницата одржана на на 13.07.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за формирање на Штаб за заштита и спасувањена Општина Струмица**

Член 1

Со оваа Одлука се формира Штаб за заштита и спасување на Општина Струмица (во натамошниот текст: Штаб за заштита и спасување), се пропишува делокругот за работа и се определува составот и бројот на членовите на Штабот за заштита и спасување.

Член 2

Штабот за заштита и спасување ги врши следните работи:

- ги следи состојбите, дејствата и појавите кои можат да доведат до настанување на кризи на подрачјето на Општина Струмица;
- го информира Градоначалникот и Советот на општина Струмица и предлага мерки за ефикасна превенција и рано предупредување за потенцијална кризна состојба;
-учествува во изработка на Акционата програма за заштита и спасување и План за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи;
- учествува во изработка на Проценка на загрозеност од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи;
- учествува во подготовките за формирање на просторните сили за заштита и спасување и нивно персонално и материјално пополнување;
- предлага ажурирање на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување;
- предлага и организира обука на силите за заштита и спасување;
- во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи, врши проценка на ситуацијата, односно за опасностите и последиците од природни непогоди, воени разурнувања и други опасности од воени дејствија и други несреќи и предлага непосредни мерки за делување;
-раководи со акциите за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, воени разурнувања и

други опасности од воени дејствија и други несреќи, до вклучувањето на Дирекцијата за управување со кризи;

- по вклучувањето на Дирекцијата за управување со кризи, ги спроведува одлуките на Дирекцијата и другите државни органи во управувањето со криза на подрачјето на Општината;

-непосредно командува со општинските просторни универзални и специјализирани сили за заштита и спасување што учествуваат во акциите за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра;

-издава наредби за преземање на мерки и активности за ефикасно спровдување на акциите за заштита и спасување;

-ги координира и усогласува задачите и мерките на учесниците во заштитата и спасувањето;

-го известува населението преку средствата за јавно информирање за опасностите и настанатите последици од воени разурнувања, елементарни непогоди и други несреќи во војна и мир и за мерки што се преземаат на подрачјето на Општината;

-организира помош на загрозеното население, како и згрижување на настраданото население, доколку не се создадат услови надлежните државни органи да ги преземаат овие обврски;

-се грижи за организирање, програмирање и спроведување на обучувањето на граѓаните опфатени во просторните сили за заштита и спасување;

-во акциите за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра, остварува соработка со органите на државната власт, особено со Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи, со цел, да се координираат активностите и утврдат мерките и постапките во акциите за заштита и спасување од урнатини, поплави, пожари, неексплодирани убојни и експлозивни средства и слично и да се обезбеди згрижување на загрозеното и настрадано население со евакуација, засолнување, прва медицинска помош, РХБ заштита и други потреби за заштита и спасување на населението и материјалните добра, кои би се појавиле при природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи;

- учествува во изработката на Програма за ревитализација по елиминирањето на кризата;

- врши и други работи кои му се доверени од Градоначалникот и Советот на општина Струмица или дадени во надлежност со закони, уредби, одлуки и други прописи.

Член 3

Штабот за заштита и спасување се состои од:

1. командант на штабот;
2. началник на штабот;
3. помошници на началникот:

3.1. за оперативни работи;

3.2. за хуманитарни мерки за заштита и спасување:

3.2.1. за прва медицинска помош;

3.2.2. за згрижување и евакуација;

3.3. за технички мерки за заштита и спасување:

3.3.1. за заштита и спасување од пожари;

3.3.2. за заштита и спасување од поплави;

4. помошен персонал:

4.1.извршител – администратор;

4.2.извршител – курир/возач;

4.3.извршител – курир/возач.

Член 4

Персоналниот состав на Штабот за заштита и спасување и приштабската екипа, ги именува и разрешува Градоначалникот на општина Струмица.

Член 5

Наредба за ставање во целосна приправност на Штабот за заштита и спасување донесува Градоначалникот на општина Струмица.

Во отсуство на градоначалникот, во услови на непосредна опасност од загрозување на населението и материјалните добра, наредба за целосна приправност дава командантот на штабот и за тоа го известува градоначалникот и Советот на општина Струмица.

Член 6

За остварување на својата функција Штабот за заштита и спасување донесува наредби и заклучоци.

Актите од претходниот состав ги спроведуваат просторните сили за заштита и спасување и другите одговорни на Штабот за заштита и спасување.

Член 7

Штабот за заштита и спасување е одговорен пред Градоначалникот и Советот на општина Струмица и за својата работа редовно ги информира.

Член 8

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за формирање на штаб за цивилна заштита на општина Струмица број 02-476/1 од 17.09.1997 година (“Сл.гласник на општина Струмица” бр. 9/97) и Решението за разрешување и именување на командант на Општинскиот штаб за цивилна заштита на Општина Струмица бр. 07-132/1 од 28.02.2000 година (“Сл. гласник на општина Струмица” бр.1/2000).

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-3305/1 Совет на општина Струмица
13.07.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а, Зоран Ристов с.р.

..........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за означување условите и утврдување на режимот на сообраќај во градот Струмица

1. Се објавува Одлуката за означување условите и утврдување на режимот на сообраќај во градот Струмица, донесена на седница на Советот на општина Струмица, одржана на 13.07.2007 година.

Бр. 07-3307/2 Општина Струмица
13.07.2007 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а, Зоран Заев

...................

**88.**

Врз основа на член 6 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (“Сл. весник на РМ” бр. 54/07) и член 20 од Статутот на Општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06), Советот на Општина Струмица на седницата одржана на 13.07.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за означување условите и утврдување на режимот на сообраќај во градот Струмица**

Член 1

Со оваа Одлука се означуваат условите и режимот на сообраќај во град Струмица, и тоа:

Член 2

Сообраќајот на плоштадот ќе се одвива по следниот режим: од 1 Мај до 30 Септември во годината се забранува движење на сите видови моторни возила од 20 – 24 часот, на делот од раскрсница бул.”Маршал Тито” со бул.”Ленинова” до ул. “Невена Стојкова” и ул.”Моша Пијаде”.

На плоштадот на делот пред Стоковна куќа до фонтана се забранува паркирање на сите видови моторни возила. Режимот на сообраќај се регулира со сообраќајни знаци и тоа:

На бул.”Маршал Тито” пред раскрсницата со сообраќаен знак 203 – забрана на сообраќај во двете насоки со дополнителна табла од 20 – 24 часот и сообраќаен знак 258 - дозволени насоки лево и десно.

На бул. ”Ленинова” од правец на судот – сообраќајот се регулира со сообраќаен знак 228 – забрана за свртување на лево од 20 – 24 часот.

На бул. ”Ленинова” со бул.”Маршал Тито” правец од кај Стопанска Банка кон центар, сообраќајот се регулира со сообраќаен знак 229- забрана за свртување на десно од 20 – 24 часот. Со додатна табла.

На центарот кон плоштадот сообраќајот се регулира со сообраќаен знак 240 – забрана за паркирање.

На потегот раскрсница ул. “Ленинова” и бул. “Маршал Тито” кон центар на корзото сообраќајот се регулира со сообраќаен знак 229 – забрането свртување на десно и сообраќаен знак 133 – обележан пешачки премин.

Член 3

Сообраќајот по ул. ”Благој Мучето” на потегот од ул.”Сандо Масев” до Стоковната куќа сообраќајот се регулира со сообраќаен знак 203 - забрана за сообраќај во двете насоки, и со дополнителна табла за дотур на стока од 7,00 до 17,00 часот.

На раскрсница на ул. ”Благој Мучето” со ул. “Ванчо Китанов” сообраќајот се регулира со сообраќаен знак 203 – забрана на сообраќај во двете насоки освен за возила на трите куќи на кои им се регулира режимот посебно и за моторни возила за собирање на ѓубрето.

Член 4

Сообраќајот на ул. ”Јанко Цветинов” на потегот ул. “Браќа Миладинови” до делот од ул. ”Јанко Цветинов” кај АМД “Стрела” – сообраќајот ќе се одвива во две насоки.

На потегот ул.“Браќа Миладинови” сообраќајот се регулира со сообраќаен знак 240 – забрана за паркирање. На потегот од АМД – “Стрела” спрема ул.”Браќа Миладинови” сообраќајот се регулира со сообраќаен знак 240 – забрана за паркирање.

На потегот АМД –“Стрела” спрема градинката сообраќајот ќе биде еднонасочен, а се регулира со сообраќаен знак 240 забрана за паркирање правец Автомото “Стрела” кон градинката, а обратно градинка кон АМД “Стрела” со сообраќаен знак 203 – забрана на сообраќајот во двете насоки.

На потегот ул.Браќа Миладинови” кон ул. “Жртви на фашизмот”, поконкретно покрај пазарот сообраќајот се регулира со сообраќаен знак 240 – забрана за паркирање освен заради истовар на стока – замјоделски производи и др.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-3307/1 Совет на општина Струмица
13.07.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов

.

.........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за означување условите и утврдување режимот на сообраќај на товарни моторни возила (ТМВ), трактори и запрежни возила во градот Струмица

1. Се објавува Одлуката за означување условите и утврдување режимот на сообраќај на товарни моторни возила (ТМВ), трактори и запрежни возила во градот Струмица, донесена на седница на Советот на општина Струмица, одржана на 13.07.2007 година.

Бр. 07-3308/2 Општина Струмица
13.07.2007 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а, Зоран Заев с.р.

..........................

**89.**

Врз основа член 6 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (“Сл. весник на РМ” бр. 54/07) и член 20 од Статутот на Општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06), Советот на Општина Струмица на седницата одржана на 13.07.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за означување условите и утврдување режимот на сообраќај на товарни моторни возила (ТМВ), трактори и запрежни возила во градот Струмица**

Член 1

Со оваа Одлука се означуваат условите и режимот на сообраќај на товарни моторни возила, трактори и запрежни возила.

Член 2

Состојбата на ТМВ, трактори и запрежни возила кои доаѓаат од правец с.Баница ќе се одвива по следниот режим:

Возилата кои доаѓаат по ул.”Стив Наумов” до раскрсница со ул.”Никола Тесла” свртуваат по ул.”Никола Тесла” до раскрсница со ул.”11-ти Октомври” продолжуваат по ул. “11-ти Октомври” до раскрсница со ул.”Моша Пијаде”. Продолжуваат по ул.”Моша Пијаде” до рскрсница ул.”Ѓуро Салај”, продолжуваат покрај градски парк по ул.”Цветан Димов” до раскрсница со бул.”Ленинова” и ул.”Браќа Миладинови”.

На раскрсница на ул.”Стив Наумов” со ул.” Никола Тесла” сообраќајот се регулира со сообраќаен знак 207-забрана на сообраќај на товарни возила, сообраќаен знак 213-забрана на сообраќај за трактори и сообраќаен знак 218-забрана на сообраќај на запрежни возила со столбови 2 на кои ќе се поставаат сообраќајните знаци.

На кракот на ул.“Никола Тесла” покрај Народната кујна се поставуваат сообраќајните знаци: 207, 213 и 218.

На раскрсница “Никола Тесла” и “11-ти Октомври” сообраќајот се регулира со сообраќајните знаци 207, 213 и 218.

На раскрсница ул. “11-ти Октомври” со ул.“22 Декември” се регулира со сообраќајните знаци 207, 213 и 218.

На раскрсница ул.“11 Октомври со ул.“Моша Пијаде” сообраќајот се регулира со сообраќајните знаци 207, 213 и 218.

На раскрсница ул.“Моша Пијаде” со ул.“Ѓуро Салај” се регулира со сообраќајни знаци 207, 213 и 218.

Член 3

Сообраќајот на ТМВ, трактори и запрежни возила кои доаѓаат од правец Радовиш - Добрејци и се движаат по бул.”Ленинова” до раскрсница со ул.”Цветан Димов” и ул. “Браќа Миладинови”, сообраќајот се регулира со сообраќајни знаци 207, 213 и 218 со столбови на бул.”Ленинова” после раскрсница кон центарот и се додава сообраќаен знак 258 со дозволени наскоки кон ул.”Браќа Миладинови” и ул.”Цветан Димов”.

На ул.”Браќа Миладинови” сообраќајот се регулира со сообраќајни знаци: 207, 213, 218 со дополнителна табла од 7,00 до 16,00 часот за зима и од 7,00 до 19,00 часот – лето.

Член 4

Сообраќајот на ТМВ, трактори и запрежни возила кои доаѓаат по ул.”Братство Единство” од ул.”Климент Охридски” ќе се одвива по “Братство Единство” за ТМВ до ул.”24 Октомври”, а за запрежни возила до ул.”Браќа Миладинови”.

Сообраќајот се регулира со сообраќаен знак 213 и 218 забрана за трактори и запрежни возила со столбови со дополнителна табла од 7,00 до 16,00 зима и 7,00 до 19,00 – лето.

На делот на ул.”Браќа Миладинови” кон пазарот се додава сообраќаен знак 254 – дозволена насока на десно.

На ул.”Браќа Миладинови” кон СОУ “Димитар Влахов” сообраќајот се регулира со сообраќајни знаци 207, 213 и 218.

На ул.”Братство Единство” со ул.”24 Октомври” по раскрсницата кон центарот, сообраќајот се регулира со сообраќајни знаци 207,213 и 218. Исто така сообраќајот се регулира и кон ул.”Младинска” со сообраќсајните знаци 207, 213 и 218, а на делот спој “Братство Единство” со ул.”24 Октомври” сообраќајот се регулира со сообраќаен знак 508 – дозволена насока на десно за моторни товарни возила.

Член 5

Сообраќајот на ТМВ, трактори и запрежни возила кои доаѓаат од правец Ново Село се одвива по ул. “Гоце Делчев” до ул.”Климент Охридски”.

На раскрсница ул.“Климент Охридски” со бул. “Гоце Делчев” сообраќајот се регулира со сообраќасјните знаци 207, 213 и 218. Се поставуваат на бул.”Гоце Делчев” кон МК “Герас Цунев”.

На раскрсницата ул. “Климент Охридски” со бул.Гоце Делчев” – правец од кај Радовиш, сообраќајот се регулира со сообраќаен знак 508 – дозволена насока на ТМВ, трактори и запрежни возила – право и лево.

На раскрсницата ул. “Климент Охридски” и бул.“Гоце Делчев” – правец од кај Валандово, сообраќајот се регулира со сообраќаен знак 508 – дозволени насоки право и десно за ТМВ, трактори и запрежни возила.

На ул.”Климент Охридски” и ул”Борис Поп-Димитров” сообраќајот се регулира со сообраќајни знаци 207, 213 и 218.

Член 6

Сообраќајот на ТМВ, трактори и запрежни возила кои доаѓаат од правец Валандово – Куклишка раскрсница кон Струмица, се одвива по ул.”Маршал Тито” до раскрсница ул. “Ѓорѓи Василев” и продолжува по ул. ”Ѓорѓи Василев” до ул. “Климент Охридски” и обратно.

На раскрсница ул. “Маршал Тито” и ул.”Ѓорѓи Василев” сообраќајот се регулира со сообраќајни знаци 207, 213 и 218.

На ул. “Маршал Тито” по раскрсница со ул. “Ѓорѓи Василев” спрема центар.

На ул. “Ѓорѓи Василев” спрема нервна болница, сообраќајот се регулира со сообраќајни знаци 207, 213 и 218.

На раскрсница ул. "Ѓорѓи Василев" со ул."Киро Абрашев" сообраќајот се регулира со сообраќајни знаци 207, 213 и 218.

На раскрсница ул."Ѓорѓи Василев" со ул. "Младинска" сообраќајот се регулира со сообраќајни знаци 207, 213 и 218.

На раскрсница ул. "Ѓорѓи Василев" со ул. "Ристо Ќурчиев" сообраќајот се регулира со сообраќајни знаци 207, 213 и 218.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-3308/1 Совет на општина Струмица
13.07.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

............................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за преземање на управувањето со водоводниот систем во Банско - Општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за преземање на управувањето со водоводниот систем во Банско - Општина Струмица, донесена на седница на Советот на општина Струмица, одржана на 13.07.2007 год.

Бр. 07-3309/2 Општина Струмица
13.07.2007 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а, Зоран Заев с.р.

......................................

**90.**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/06) и член 20 од Статутот на Општина Струмица (Сл. гласник на општина Струмица бр. 5/06), Советот на Општина Струмица на седницата одржана на 13.07.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за преземање на управувањето со водоводниот систем во Банско Општина Струмица**

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Струмица го презема управувањето со водоводниот систем во населеното место Банско од Месната заедница во Банско.

Член 2

Водоводниот систем во населеното место Банско, се пренесува на управување на ЈПКД "Комуналец" Струмица без надоместок.

Член 3

ЈПКД "Комуналец" Струмица, да склучи поединечни договори со корисниците на водоводниот систем во населеното место Банско, со кои ќе се определат правата и обврските на давателот на услугата и правата и должностите на корисникот на услугата.

Член 4

Се задолжува "ЈПКД" Комуналец" Струмица, да постави водомери на сите корисници на сметка на корисниците.

Доколку постои можност постојните водомери што одговараат на стандардите, пред употребата да се баждираат од страна на ЈПКД "Комуналец " Струмица

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-3309/1 Совет на општина Струмица
13.07.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

...........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување цена на потрошена вода по $м^3$ од водоводниот систем во Банско-Општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување цена на потрошена вода по $м^3$ од водоводниот систем во Банско-Општина Струмица, донесена на седница на Советот на општина Струмица, одржана на 13.07.2007 год.

Бр. 07-3311/2 Општина Струмица
13.07.2007 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.............................

**91.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Сл. весник на РМ" бр. 38/96) и член 20 од Статутот на Општина Струмица (Сл. гласник на општина Струмица бр. 5/06), Советот на Општина Струмица на седницата одржана на 13.07.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување цена на потрошена вода по $м^3$ од водоводниот систем во Банско-Општина Струмица**

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за утврдување цена на потрошена вода по $м^3$ од водоводниот систем во Банско-Општина Струмица, бр. 02-2172/2 од 10.07.2007 година, донесена од Управниот одбор на ЈПКД "Комуналец" Струмица

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-3311/1 Совет на општина Струмица
13.07.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

..........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за пренесување на правото на управување и користење на "Детски град" Струмица

1. Се објавува Одлуката за пренесување на правото на управување и користење на "Детски град" Струмица, донесена на седница на Советот на општина Струмица, одржана на 13.07.2007 год.

Бр. 07-3310/2 Општина Струмица
13.07.2007 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.
.............................

**92.**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/06) и член 20 од Статутот на Општина Струмица (Сл. гласник на општина Струмица бр. 5/06), Советот на Општина Струмица на седницата одржана на 13.07.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за пренесување на правото на управување и користење на "Детски град" Струмица**

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Струмица го пренесува правото на управување и користење на опремата на "Детски град" Струмица, лоциран во Градски парк – Струмица, на ЈПКД "Комуналец" Струмица, без право да го издава на трети лица.

Член 2

Примопредавањето на опремата на "Детскиот град", да ја изврши Комисија, формирана од Градоначалникот на општина Струмица, а составена од претставници на Општина Струмица и ЈПКД "Комуналец" Струмица.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-3310/1 Совет на општина Струмица
13.07.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

..........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување цена на влезницата во "Детски град" во градскиот парк Струмица

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување цена на влезницата во "Детски град" во градскиот парк Струмица, донесена на седница на Советот на општина Струмица, одржана на 13.07.2007 год.

Бр. 07-3312/2 Општина Струмица
13.07.2007 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

............................

**93.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Сл. весник на РМ" бр. 38/96) и член 20 од Статутот на Општина Струмица (Сл. гласник на општина Струмица бр. 5/06), Советот на Општина Струмица на седницата одржана на 13.07.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување цена на влезницата во "Детски град" во градскиот парк Струмица**

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување цена на влезницата во "Детски град" во градскиот парк Струмица, бр. 02-2172/2 од 10.07.2007 година, донесена од Управниот одбор на ЈПКД "Комуналец" Струмица

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-3312/1 Совет на општина Струмица
13.07.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

............................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за одобрување парични средства на ЈЗУ Општа болница Струмица за набавка на ЕХО-апарат (мамограф за рано откривање на рак на дојка)

1. Се објавува Одлуката за одобрување парични средства на ЈЗУ Општа болница - Струмица за набавка на ЕХО-апарат (мамограф за рано откривање на рак на дојка), донесена на седница на Советот на општина Струмица, одржана на 13.07.2007 год.

Бр. 07-3313/2 Општина Струмица
13.07.2007 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...........................

**94.**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 05/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица (Сл. гласник на општина Струмица бр. 5/06), Советот на Општина Струмица на седницата одржана на 13.07.2007 година, донесе

**Одлука**
**за одобрување парични средства на ЈЗУ Општа болница Струмица за набавка на ЕХО-апарат (мамограф за рано откривање на рак на дојка**).

Член 1

Со оваа Одлука, се одобруваат парични сретства во износ од 7.500 евра на ЈЗУ Општа болница Струмица за набавка на ЕХО-апарат (мамограф за рано откривање на рак на дојка).

Член 2

Средствата да се исплатат од Буџетот на општина Струмица, по извршената набавка.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-3313/1 Совет на општина Струмица
13.07.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

....................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистичките планови на подрачјето на Општина Струмица за 2007 година

1. Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистичките планови на подрачјето на Општина Струмица за 2007 година, донесена на седница на Советот на општина Струмица, одржана на 13.07.2007 година.

Бр. 07-3306/2 Општина Струмица
13.07.2007 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а, Зоран Заев с.р.

..........................

**95.**

Врз основа на член 17 став 1 и став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 51/05) и член 20 од Статутот на Општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06), Советот на Општина Струмица на седницата одржана на 13.07.2007 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за дополнување на Програмата за изработка на урбанистичките планови на подрачјето на Општина Струмица за 2007 година**

Член 1

Со оваа Програма се дополнува Програмата за изработка на урбанистичките планови на подрачјето на Општина Струмица за 2007 година (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 22/06) и тоа:

Во делот на Програмата под **2. Планирани активности** под **II . Детални урбанистички планови:**

По реден број 25 се додава нов реден број:

- реден број 26 во делот “објекти” се додаваат зборовите “ Дел од Блок бр. 33-2 “, а во делот “Износ денари” се додават зборовите “самоинвестирање”.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица” .

Бр. 07-3306/1 Совет на општина Струмица
13.07.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а, Зоран Ристов с.р.

..................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Листа на информации од јавен карактер во Општина Струмица

1. Се објавува Листа на информации од јавен карактер во Општина Струмица, донесена на седница на Советот на општина Струмица, одржана на 13.07.2007 год.

Бр. 07-3304/2 Општина Струмица
13.07.2007 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а, Зоран Заев с.р.

..................

**96.**

Врз основа на член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Сл. весник на РМ “ бр. 3/06) и член 20 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06), Советот на Општина Струмица на седницата одржана на 13.07.2007 година, донесе

**Листа**
**на информации од јавен карактер во Општина Струмица**

Информации со кои располага Општина Струмица, а кои се утврдуваат како информации од јавен каратер достапни до барателите се следните:

1. Информации за работата на Советот на општина Струмица:
   - Програми, стратегии, одлуки, решенија, заклучоци, иницијативи и препораки.
   - Информации од работата на комисиите и другите работни тела формирани од Советот на општина Струмица (заклучоци, предлози, мислења, ставови).

2. Информации за работата на Градоначалникот на Општина Струмица:
   - Решениа, дозволи, програми, планови, ставови, мислења.

3. Информации од работата на општинската администрација на Општина Струмица:

а. Сектор за правни, административни, општи работи и јавни дејности:
- Одлуки, решенија, програми, заклучоци и други акти поврзани со работата на органите на општина Струмица од областа на нормативно-правните и општите работи, услугите на граѓаните, месната самоуправа, контактите со невладините организации, здравствената и социјалната заштита, културата, образованието и спортот, како и заштитата и спасувањето.

б. Сектор за финансии и буџет:
- Нацрт-Буџет на општина Струмица
- Буџет на општина Струмица;
- Одлуки поврзани со донесувањето на Буџетот на општина Струмица;
- Завршна сметка на Буџетот на општина Струмица;
- Одлуки поврзани со утврдувањето на висината на стапките на данокот на имот, данокот на наследство и подарок, данокот на промет на недвижности и комуналните такси.

в. Сектор за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој:

- Генерален урбанистички план на град Струмица;
- Детални урбанистички планови за одделни делови на град Струмица;
- Урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места и вон населени места на подрачјето на Општина Струмица;

- Годишни програми за уредување на градежното земјиште, локалните патишта и улици, изработката на урбанистички планови, јавното осветлување и одлуки од областа на комуналиите, локалниот сообраќај, авто-такси превозот на патници на подрачјето на Општина Струмица;
- Стратешки документи, одлуки, решенија и програми од областа на заштитата на животната средина;
- Стратешки документи, одлуки, решенија и програми од областа на локалниот економски развој.

г. Инспекторат - сектор за инспекциски работи:

- Информации за работата на секторот и инспекциските служби од областа на патниот сообраќај, комуналиите, урбанизмот, заштитата на животната средина, образованието, и финасиините.

д. Информации за работата на Територијалната професионална противпожарна единица во Струмица.

4. Листата на информации од јавен карактер ќе се објави на огласната табла во Општината и во "Сл. гласник на општина Струмица".

5. Со стапувањето во сила на оваа Листа, престанува да важи Листата на информаци од јавен карактер со кои располага Општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр.18/06).

6. Листата на информации од јавен карактер на Општина Струмица, стапува во сила осмиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица"

Бр. 07-3304/1 Совет на општина Струмица
13.07.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.